РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-4607/4
16-01-2024 г./v.
(2023)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1184/1 од 16.03.2021 година, со наводи за незаконско утврдување на висина на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за случајот постапувал друг надлежен орган кој донел акти во рамките на своите надлежности.

Предметот со број 12-1184/1 од 16.03.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 16.03.2021 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско утврдување на висина на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и оформен е предмет број 12-1184/1 од 16.03.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека вработени лица во ___ ____ незаконски постапиле по однос на утврдување на висината на надоместокот за утврдување на правен статус на безправно изградени објекти, така што за исти предметни површини изготвиле различни пресметки. Во прилог кон доставената пријава, доставени се и изготвените решенија на Општина ____ за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за парцелите наведени во доставената пријава.

Заради утврдување на фактичката состојба ДКСК се обрати до ____ _____како и до повеќе државни органи за прибирање дополнителни податоци и информации истите од суштинско значење за натамошно постапување по овој предметен случај и носење одлука од своја надлежнот.

Од прибавената бројна документација ДКСК утврди дека согласно член 27-а од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Државниот управен инспекторат, кој за овој

предметен случај има постапено и има донесено акт за запирање на постапката поради што утврдил дека нема неправилности во работењето на правниот субјект.

Од страна на ___ _____ доставено е известување во кое се наведува дека за наведените предметни наводи од страна на истиот подносител поднесена е кривична пријава до ___ _____ и по истата било постапено така што бил оформен јавно обвинителски предмет и истиот бил завршен со донесено решение за отфрлање на поднесената кривична пријава подоцна обжалено но истото потврдено и од Вишото јавно обвинителство со образложение дека пријавените дела не се кривични дела за кои се гони по службена должност.

По однос наводите истакнати во пријавата, ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино натамошно постапување, а меѓудругото истата пријава е доставена и до други надлежни органи кои постапиле и презеле дејствија од своја надлежност.

Поради горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска